УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ

# METRONIDAZOLE FRESENIUS
*(metronidazole)*
**500 mg/100 ml раствор за инфузија**

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството.**

- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.*
- *Овој лек Ви е пропишан Вам и не треба да им го давате на други лица, бидејќи може да им наштети, дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.*
- *Доколку некое несакано дејство стане серизоно или забележите некое несакано дејство кое не е наведено во ова упатство, информирајте го Вашиот лекар, сестра или фармацевт*

## 1. ШТО Е METRONIDAZOLE FRESENIUS И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

**Како делува METRONIDAZOLE FRESENIUS**

Името на лекот е Метронидазол Фресениус 500 mg/100 ml раствор за инфузија. Metronidazol Fresenius содржи лек кој се вика metronidazole. Тој припаѓа на групата на лекови кои се викаат антибиотици. Тој делува на тој начин што ги убива бактериите кои предизвикуваат инфекции во вашето тело.
Тој може да се користи за:
- третман на инфекции на крвта, мозокот, белите дробови, коските, гениталниот тракт, карлицата и стомакот
- превенција на инфекции по операцијата

Ако имате потреба за дополнителни информации за Вашата болест, позборувајте со Вашиот доктор.

## 2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА УПОТРЕБИТЕ METRONIDAZOLE FRESENIUS

**Не земајте Метронидазол ако:**
• Сте алергични (пречувствителни) кон метронидазол или било кој од другите состојки во Вашиот лек (секција 6).
Знаците на алергиска реакција се: кожен исип, отекување или проблеми со дишењето, отекување на Вашите усни, лице, грло или јазик.
Не земајте Метронидазол ако било што од ова се однесува на Вас. Ако не сте сигурни, позборувајте со Вашиот доктор или фармацевт пред да го примите лекот.

**Бидете особено внимателни со метронидазол и проверете со Вашиот доктор пред да го земете лекот ако:**
• Имате или некогаш сте имале проблем со црниот дроб.
• Ако сте на бубрежна дијализа (види секција 3)
Ако не сте сигурни дека било што од ова се однесува на Вас, позборувајте со вашиот доктор, пред да го примите лекот.

**Земање на други лекови**
Ве молиме да му кажете на Вашиот доктор ако земате или неодамна сте земале било какви лекови. Ова се однесува и на лекови без рецепт, вклучувајќи хербални лекови. Ова е поради тоа што метронидазол може да влијае на начинот како делуваат други лекови. Исто така, некои други лекови може да влијаат врз начинот на делување на метронидазол.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * СКОПЈЕ *

Особено кажете му на вашиот доктор ако земате некои од следниве лекови:
• Лекови за разредување на крвта како што е варфарин
• Литиум за ментални заболувања
• Фенобарбитон за епилепсија
• 5 fluorouracil за карциноми
• Бусулфан за леукемија (карцином на крвните клетки)
• Циклоспорин – за превенција на отфрлање на органи по трансплантација
Ако не сте сигурни, зборувајте со вашиот доктор пред да го примите лекот.

**Земање на Metronidazole Fresenius со храна и пијалоци**
Не земајте алкохол додека земате метронидазол и 48 часа по завршувањето на дозата. Пиење на алкохол додека сте на третман може да предизвика несакани ефекти, како што се лошо чувство (гадење), повраќање, болка во стомакот, напливи на топло, забрзано или нерегуларно срцебиење и главоболка.

**Бременост и доење**
Кажете му на Вашиот доктор пред да земете метронидазол ако:
• Ако сте бремени, можеби сте бремена или може да забремените. Метронидазол не смее да се дава во тек на бременоста освен ако не е апсолутно неопходен.
• Ако доите. Подобро е да употребувате метронидазол ако доите. Ова е поради тоа што мали количини може да дојдат во мајчиното млеко.

**Возење и ракување со машини**
Додека земате метронидазол може да се почувствувате поспано, зашеметени, конфузни, гледате или слушате работи кои не се таму (халуцинации), имате конвулзии или привремени проблеми со видот (како што е замаглен или двоен вид). Ако ова се случи не возете и не ракувајте со машини.

**Тестови**
Вашиот доктор можеби ќе сака да направи некои тестови ако ако го земате лекот повеќе од 10 дена.

**Важна информација за некои состојки за инфузијата Metronidazol Fresenius**
• Натриум: Има 307 mg натриум на 100 ml инфузиона кеса. Ова може да е штетно за луѓе кои се на диета со без сол.

## 3. КАКО СЕ УПОТРЕБУВА METRONIDAZOLE FRESENIUS

**Примена на лекот Metronidazol Fresenius**
Лекот се администрира од страна на доктор или сестра. Времетраењето на третманот ќе зависи од потреби и од болеста која е третирана.
• Метронидазол се администрира во вените со користење на брзина на инфузија од 5 ml/минута
• Дозата на метронидазол ќе зависи од потреби и од болеста која е третирана
• Времетраењето на третманот ќе зависи од типот на инфекција која ја имате и колку е таа лоша
• Што е можно побргу по отпочнувањето на третманот со метронидазол, Вашиот доктор ќе сугерира промена на лекот со перорален
Вообичаената доза за возрасни и деца е дадена подолу:

**За третман на бактериска инфекција**
**Возрасни**
• Ќе ви биде дадено 500 mg (100 ml) метронидазол секои 8 часа
**Деца**
• Вашиот доктор ќе одреди колку треба да му се даде на Вашето дете во зависност од нивната тежина
• Дозата ќе се повторува секои 8 часа

**За превенирање на инфекции од оперативниот зафат**
**Возрасни**
• Ќе Ви се даде 500 mg (100 ml) метронидазол кратко пред операцијата
• Дозата ќе се повторувасекои 8 часа
**Деца**

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • СКОПЈЕ •

• Вашиот доктор ќе одреди колку треба да му се даде на Вашето дете во зависност од нивната тежина
• Вашето дете ќе ја прими првата доза кратко пред неговата операција
• Дозата ќе се повторува секои 8 часа

**Луѓе на бубрежна дијализа**
Бубрежната дијализа го отстранува метронидазол од Вашата крв. Ако правите бубрежна дијализа мора да го примите лекот по завршувањето на дијализата.

**Луѓе со проблеми со црниот дроб**
Вашиот доктор може да ја намали Вашата доза или лекот да се употребува помалку често.

**Ако Ви е дадено повеќе метронидазол отколку што треба**
Не е можно да Вашиот доктор или сестра Ви дадат премногу лек.
Вашиот доктор или сестра ќе го мониторираат Вашиот напредок и ќе проверуваат колку лек Ви е даден. Секогаш прашајте ако не сте сигурни зошто Ви седава лекот.

**Ако не Ви е даден метронидазол во право време**
Ако не сте ја примиле вашата доза точно кога требало, кажете му на Вашиот доктор или сестра што е можно побргу да се организираат за друга инјекција.

## 4. КОИ СЕ МОЖНИТЕ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА НА METRONIDAZOLE FRESENIUS

Како и сите лекови и Metronidazole Fresenius може да предизвика несакани ефекти, иако не секој ги добива.

Кажете му на вашиот доктор ако:
• Отекувате по рацете, стопалата, зглобовите, лицето, усните или грлото што може да предизвика потешкотии во голтањето или дишењето. Исто така може да забележите исип (крупен и ситен). Ова може да значи дека имате алергиска реакција кон метронидазол.
• Имате висока температура, главоболки, гледате или слушате работи кои ги нема, се чувствувате лошо или имате потешкотии во контролирањето на движењата, сте конфузни, почувствителни на светлина од вообичаено, забележувате стегнатост во вратот, невообичаено однесување на движењата на очите или имате проблеми со говорот. Ова може да е сериозна но многу ретка состојба ткн. енцефалопатија.
Кажете му веднаш на Вашиот доктор ако ги забележите следниве несакани ефекти.
• Пожолтување на кожата и очите. Ова може да е поради проблем со црниот дроб (жолтица).
• Неочекувани инфекции, улкуси во устата, модринки, гингиви кои крварат или тежок умор. Ова може да е предизвикано од проблеми со крвта.
• Тешка абдоминална болка која може да стигне до Вашиот грб (панкреатитис).
Кажете му на Вашиот доктор или сестра ако забележите било кој од следниве несакани ефекти:
Многу ретки (зафаќа помалку од 1 на 10 000 луѓе)
• Конвулзии
• Ментални проблеми како што е чувство на конфузија и гледање и слушање на работи кои не се таму (халуцинации)
• Проблеми со вашиот вид како што е замаглен или двоен вид
• Исип по кожата
• Главоболка
• Потемнување на урината
• Чувство на поспаност или вртоглавица
• Болки во мускулите или зглобовите

Непознато (честотата не може да се утврди од достапните податоци)
• Неосетливост, голицање, болка, чувство на слабост во рацете или нозете
• Непријатен вкус во устата
• Боцкање во јазикот
• Гадење, повраќање, дијареја
• Губење на апетитот

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА * СКОПЈЕ *

Ако било кој од овие ефекти стане сериозен или ако забележите било какво несакано дејство кое не е наведено во ова упатство, Ве молиме известете го Вашиот доктор, сестра или фармацевт.

## 5. КАКО ДА СЕ ЧУВА METRONIDAZOLE FRESENIUS

Вашиот доктор, сестра или фармацевт ќе Ви даде инструкции за правилно чување на Metronidazole Fresenius.

- Чувајте го лекот на безбедно место подалеку од дофат и поглед на деца.
- Не го употребувајте лекот по истекот на рокот на траење кој е ставен на пакувањето.
- Чувајте го лекот под 25°C на темно место заштитено од светлина.

## 6. ДРУГИ ИНФОРМАЦИИ

**Што содржи растворот за инфузија Metronidazole Fresenius**
Секое шише од 100 ml раствор содржи 500 mg metronidazole како активна материја.
Другите состојки се: Натриум хлорид, динатриум фосфат, монохидрат на лимонска киселина, вода за инјекции.

**Како изгледа растворот Metronidazole Fresenius**
Растворот за инфузија е светол, светло-жолт раствор.

**Пакување**
1 стаклено шише (100 ml) содржи 500 mg метронидазол.

**Носител на регистрациското решение:**
РИФАМ д.о.о. Гостивар, Македонија

**Производител:**
Fresenius Kabi Deutschland GmbH
Фриедберг, Германија

**Број и датум на одобрението за промет:**

**Датум на последна ревизија на текстот:**
Декември, 2015